1. Се прогласува, Одлука за одржување на јавната чистота на територија на општина Пласница, бр.08-138/8, донесена од Советот на општина Пласница на ден 14.03.2023 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-156/6**
**14.03.2023 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 10 од Законот за јавна чистота („Службен весник на РМ„ бр.111/2008, 64/09, 88/10, Испр.114/10, 23/11, 53/11, 47/12, 80/12, 163/13, 44/15, 31/16 и 122/2021 година) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(„Сл.весник на РМ"бр.5/2002), како и врз основа на член 17 точка 2 и 3 од Статутот на општина Пласница, („Службен гласник на општина Пласница„ бр. 02/2006 и 03/2019 година), Советот на општина Пласница на 16-тата седница одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за одржување на јавната чистота на територија на општина Пласница

**Член 1**

Со оваа одлука се регулира начинот на одржување на јавната чистота на јавните површини, начинот на користење на јавните површини и собирањето на сметот, чистењето на снегот и мразот, одстранување на предмети кој ја загрозуваат јавната чистота на територија на општина Пласница,како и мерките за спроведување на оваа одлука.

**Член 2**

Под одржување на јавна чистота на јавни површини се подразбира чистење (метење и миење) на јавните површини и отворените простории на јавни објекти, како и чистење на снег во зимски услови.

Јавни површини и отворени простори на јавни објекти се улици, тротоари, велосипедскипатеки,плоштади.кејови,подвозници,надвозници,мостови,паркиралишта,скалила кои ги поврзуваат површините за јавен сообраќај, градски паркови, парк-шуми,улични тревници,видиковци,гранични премини,железнички, автобуски и такси станици и други објекти на комуналната инфраструктура, јавни телефонски говорници, зоолошки градини, градски гробишта, сајмишта, пазари, магацини и складишта, спортско рекреативни објекти(стадиони, хиподроми, стрелишта и сл.), јавни капалишта и отворени простори околу тие објекти.

**Член 3**

Одржувањето на јавната чистота и чистење на снегот и мразот во зимски услови на јавните површини во општина Пласница ќе ги врши ЈП „Комуналец" с.Пласница основано од општина Пласница.

За вршење на работите на одржување на јавната чистота, општината секоја година донесува Годишна програма која содржи: вид и обем на работите што треба да се извршуваат, финансиските средства, временските рокови за извршување на работите, динамика и начин на вршење на работите.

**Член 4**

Правните и физичките лица сопственици на објекти, односно сопственици и корисници на отворени простори на јавни објекти што се за редовна употреба на овие објекти, должни се тие простори редовно да ги одржуваат на тој начин што нема да создаваат смет и други отпадоци, како и да го одржуваат зеленилото на тие простори.

**Член 5**

Организаторите на јавни манифестации(културни, спортски и други) на митинзи, прослави и други собири, должни се по завршувањето на манифестацијата, односно собирот да го соберат сметот направен од учесниците на манифестацијата, односно собирот и да го остават на определеното место за таа намена, во рок од 4(четири) часа по завршувањето на манифестацијата или собирот.

При посета на излетнички места посетителите се должни при заминувањето од излетничкото место да го соберат сметот и да го остават на определеното место за таа намена.

**Член 6**

Сите сопственици, односно корисници на објекти се должни сметот редовно да го собираат и оставаат на места определени за таа намена, согласно Програмата.

Правните лица што ги вршат работите на одржување на јавната чистота се должни сметот од јавните површини редовно да го собираат и оставаат на места определени за таа намена.

**Член 7**

Сопственикот односно лицето кое управува со јавен објект е должен да ја одржува јавната чистота во јавниот објект и неговата дворна површина, при што треба да обезбеди:

- редовно чистење и одржување на просториите во објектот;
- садови за фрлање на отпадоци и
- инсталациите цо санитарните јазли да бидат исправни и чисти и да се обезбеди тоалетна хартија, машина за сушење на раце или хартија во секое време.

**Член 8**

Корисниците на инсталации во јавните санитарни јазли и во санитарните јазли во јавните објекти, заради обезбедувањена јавната чистота се должни по користењето на истите задолжително да пуштаат вода.

**Член 9**

Во зимски услови при врнежи од снег ЈП„Комуналец“с.Пласница(како давател на услуги) е должен да го исчисти снегот од јавните површини најдоцна во рок од 6 часа од почетокот на снежните врнежи.

Во зимски услови при снежни врнежи сите сопственици, односно корисници на објекти се должни веднаш да започнат со чистење на снегот на отворените простори при јавните објекти, со што ќе се обезбеди непречен пристап до објектите.

**Член 10**

На јавните и сообраќајните површини треба да се поставаат садови за отпадоци кои ги одржува давателот на услуги.

Корпите за отпадоци на површините и објектите што се наменети за јавни приредби и слични манифестации, ги поставуват и одржуваат корисниците на јавните површини и објектите во кои се врши дејноста.

Типот, видот и бројот на садови за отпад, согласно со утврдената технологија, ги определува давателот на услугите, односно корисниците од став 2 на овој член, во предходна согласност на одделението за комунални работи.

**Член 11**

На јавните површини забранети се дејствија утврдени во член 14, 14-а, 16, 17 и 19 од Законот за јавна чистота(„Службен весник на РМ„ бр.111/2008, 64/09, 88/10, Испр.114/10, 23/11, 53/11, 47/12, 80/12, 163/13, 44/15, 31/16 и 122/2021 година).

**Член 12**

На дрвата засадени на јавните површини се забранува прикачување, лепење на некролози, огласи, објави и сл.

**Член 13**

Возилата што учествуваат во сообраќајот не смеат да ги загадуваат јавните површини.

Возилата што превезуваат материјал мораат да имаат соодветна заштита, за да се спречи истурање на материјалот што го превезуваат по јавните површини.

**Член 14**

За привремено зафаќање на јавни сообраќајни површини за потребите на градилиште, за истовар сместување и утовар на градежен материјал, подигање на скелиња за поправка на згради и слични градежни работи, повремено можат да се користат јавни површини доколку не постојат други услови за вршење на овие работи, по добиено одобрение од Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, а по предходно мислење на надлежниот орган кој ги одржува тие површини.

При извршување на горенаведените работи, пред нивното започнување мора да се осигура проодноста на тротоарите и улиците. Јавните површини кои што се зафаќаат мора да се оградат со прописна ограда. Материјалот што ќе се постави мора уредно да биде нареден и да не го спречува истекувањето на атмосферските води.

**Член 15**

Изведувачот на градежни работи мора ба обезбеди земјата да не се растура по јавната површина.

Мешањето на бетон и друг материјал мора да се врши во соодветни садови.

Ако градењето од било кои причини биде запрено на подолго време изведувачот на работита е должен да го отстрани градежниот материјал од јавните површини.

**Член 16**

Изведувачот на градежните работи најдоцна 24 часа од завршувањето на работата е должен да го одстрани целиот градежен материјал и опремата, а јавната површина да ја доведе во состојба во која била пред започнување на градежните работи.

**Член 17**

Во текот на извршување на работите изведувачот е должен:

- да ја исчисти површината околу градилиштето од секаков вид на градежен и друг материјал, кал и сл. кои се најдуваат на јавната површина како последица од вршењето на неговата дејност;
- при рушење на градежни објекти изведувачот на работите е должен материјалот што го руши да го полева со вода, заради спречување на ширење на прашина;
- градежниот материјал да го депонира на градилиштето на начин што нема да го спречува сообраќајот и слободното истекување на атмосферските води и ќе го спречи растурањето на материјалот по јавните површини.

**Член 18**

Раствор на дрва, јаглен и сл.како и сечење и цепење на дрва се врши во дворните места.

По исклучок, доколку не постојат услови во дворните места, дел од јавна површина може да се користи за истовар на дрва, јаглен и сл. како и цечење и цепење на дрва, без притоа да се спречи одвивањето на сообраќајот и движењето на пешаците.

**Член 19**

Утоварањето и растоварот на стока и материјал се врши надвор од јавните површини, а доколку не постојат услови за тоа може да се користи јавна површина, а стоката и материјалот мора да се отстранат во рок од 3 часа по истоварот,

**Член 20**

На јавните површини пред продавници, работилници и складишта не смее да се остава амбалажа, производи, градежен материјал и сл.

На улици и тротоари пред угостителски објекти и продацници се забранува поставување на тезги, маси, столови и сл.освен на локации определени за таа намена, а по предходоно Одобрение издадено од Градоначалникот на општина Пласница.

**Член 21**

Контролата на одржувањето на јавната чистота ја врши комуналниот редар.

Инспекциски надзор во врска со спроведувањето на оваа Одлука врши општинскиот комунален инспектор.

**Член 22**

За непридржување кон одредбите од оваа Одлука за прекршок ќе се казнат правните лица, одговорните лица во правното лице, како и даватели на услуги на правните лица, одговорните лица во правните лица како корисници на услугите и физичките лица согласно прекршочните одредби од Законот за јавна чистота.

**Член 23**

Со донесување на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за одржување на јавна чистота на територијата на општина Пласница бр.07.655/8 од 31.12.2008 година.

**Член 24**

Оваа Одлука во сила осмиот ден од денот на нејзинито објавување во „Службен гласник на општина Пласница“

Број 08-138/8
14.03.2023 година
Пласница

Совет на општина Пласница
Претседател
Амел Рамески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на општина Пласница**

1. Се прогласува, Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на општина Пласница, бр.08-138/9, донесена од Советот на општина Пласница на ден 14.03.2023 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-156/7**
**14.03.2023 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 12 став 2 од Законот за комунални дејности („Службен весник на РМ" бр. 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16, 64/18, „Службен весник на РСМ" бр. 302/20), како и во согласност член 17 ст.3 од Статутот на општина Пласница и член 147 од Деловникот за работа на Советот на општина Пласница, советот на општина Пласница на 16-тата седницата одржана на ден 14.03.2023 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА
**за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на општина Пласница**

**Основни одредби**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредуваат односите и начинот на вршење на комуналните дејности меѓу давателите и корисниците на услугите на подрачјето на општина Пласница и мерките за нејзино спроведување.

**Член 2**

Под мерки за спроведување на комуналниот ред во смисла на оваа Одлука се подразбира донесување на програмите на Општина Пласница, утврдување на изворите на средства за финансирање на комуналните дејности, надзорот над спроведувањето на оваа Одлука и казнените мерки предвидени за прекршителите.

**Член 3**

Под комунален ред во смисла на оваа Одлука се подразбира поблиско уредување на односите и начинот на вршење на комунални дејности меѓу давателите на услугите и корисниците на услугите во следните комунални дејности:

1. Снабдување со вода за пиење;
2. Одведување на урбани отпадни води и атмосферски води;
3. Линиски превоз на патници;
4. Обработка и депонирање на комунален цврст отпад;
5. Депонирање на отпадоци што се создаваат со изведба на градежни работи;
6. Одржување на јавна чистота во населените места;

7. Одржување и користење на паркови и зеленило;
8. Одржување и користење на сточен пазар и пазари на големо и мало;
9. Одржување на улична сообраќајна сигнализација;
10. Одржување на гробови, гробишта и давање на погребални услуги;
11. Одржување на јавното осветлување;
12. Одржување и користење на јавниот простор за паркирање;
13. Вршење на оџачарски услуги;
14. Одржување на комунални уреди;
15. Отстранување и чување на непрописно паркирани возила;
16. Ерадикасија на животни скитници;
17. Украсување на населени места;
18. Одржување на јавни санитарни јазли;
19. Аерозапрашување;
20. Дезинфексија и дератизација.

**Член 4**

Јавни површини во смисла на оваа Одлука се:
- јавни сообраќајни површини (улици, коловози, тротоари, пешачки и велосипедски патеки, јавни паркиралишта, плоштади, шеталишта, надвозници, подвозници, скалила што поврзуваат јавни сообраќајни површини, мостови, таксистојалишта, стојалишта на јавниот градски превоз и слични површини);
- јавни зелени површини (паркови, парк - шуми, дрвореди, живи огради, тревници, цветници, детски игралишта, зелени површини покрај улиците, покрај јавните објекти, спортско рекреативните и водни површини и други слични површини).
Одредбите на оваа Одлука се однесуваат и на други површини определени со оваа одлука.

**Член 5**

Комуналните дејности од членот 3 на оваа Одлука можат да ги вршат домашни и странски физички и правни лица, кои се должни да обезбедат трајно и квалитетно вршење на комуналните дејности, како и одржување на објектите и опремата на комуналната инфраструктура во функционална состојба.

**Член 6**

Комунална дејност може да се врши со основање на јавно претпријатие за комунални дејности, со давање концесија за вршење на комунална дејност на начин утврден со закон и со дозвола за вршење на комунална дејност.

**Член 7**

За организирање и квалитетно вршење на комуналните дејности и стопанисување со објектите на комуналната инфраструктура на подрачјето на општина Пласница може да се основа Јавно претпријатие доколку не постои за вршење на таква дејност.

**Член 8**

Вршењето на комунални дејности може да се остварува со давање на дозвола на физички и правни лица од страна на општината.

**Член 9**

Јавните претпријатија за комунални дејности, физичките и правните лица кои вршат комунални дејности со дозвола (во понатамошниот текст; даватели на услуги) се должни да обезбедат трајно и квалитетно вршење на дејностите од член 3 на оваа Одлука, како и одржување на објектите и опремата на комуналната инфраструктура во функсионална состојба.

**Член 10**

Корисници на услугите во смисла на оваа Одлука се сметаат физичките и правните лица кои живеат и опастојуваат на подрачјето на Општина Пласница.

**Член 11**

Корисниците и давателите на услугите се должни да се придржуваат на одредбите на оваа Одлука.

**Член 12**

Развојот на комуналните дејности се врши со посебни планови и годишни програми кои ги донесува Советот на Општина Пласница.

**Член 13**

Финансирањето на комуналните дејности се врши според годишнаи програми, кои ги донесува Советот на Општина Пласница

## 2. Посебни одредби

1. **Снабдување со вода за пиење**

**Член 14**

Под снабдување со вода за пиење се подразбира зафаќање, обработка и дистрибусија на водата преку водоснабдителниот систем до мерниот инструмент на корисникот на услугата. Снабдувањето со вода за пиење е дејност од јавен интерес и се врши преку водоснабдителен систем.

**Член 15**

Давател на услуга на дејноста од член 14 на оваа Одлука е ЈКП "Комуналец" Пласница. (во натамошниот текст Давател на услуга).

**Член 16**

Средствата за вршење на дејноста од член 14 од оваа Одлука се обезбедуваат од цената за користење на услугата и од надоместок за приклучување на водоснабдителниот систем.

Цената на водата за пиење се изразува во ден./м3 и се одредува во зависност од трошоците за снабдување со вода за пиење до корисниците и според методологија пропишана од Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен од областа на комунални работи. Давателот на услугата го утврдува надоместокот за приклучување на корисникот на услугата на водоснабдителниот сисетм, во зависност од трошосите за приклучување.

**Член 17**

Давателот на услугата должен е на корисниците на услугата да им обезбеди трајно и непрекинато снабдување со здравствено исправна и чиста вода за пиење. До нарушување на давањето на услугата може да дојде во случај на:

- оштетување на водоснабдителниот систем поради виша сила, поголеми хаварии и дефекти.
- недоволна периодична издашност на извориштата.
- Здравствена неисправност на водата за пиење.
- прекин во снабдувањето со електрична енергија.

Давателот на услуга должен е да ги информира корисниците на услугата за нарушувањето во давањето на услугата.

Давателот на услугата должен е да врши испитување на здравствената исправност на водата за пиење на начин и постапка во согласност со закон.

Во случај кога корисниците на услугата не можат да се снабдуваат со вода за пиење непрекинато повеќе од 12 часа, давателот на услуга е должен да ги снабдува корисниците со здрава и чиста вода за пиење и со потребно количество, на начин утврден со план за вршење на дејноста во вонредни околности

**Член 18**

Одржувањето на водоводниот систем го врши давателот на услуга од добивање на Решение за употреба. Давателот на услуга должен е да го одржува водоводниот приклучок на корисникот

на услугата. Одржувањето на водоводната мрежа на корисникот на услугата е на негова сметка.
При дефект на водоводната мрежа која поминува низ имотот на правно или физичко лице, корисникот на имотот должен е да му обезбеди пристап на давателот на услуга за отстранување на дефектот. По отстранување на дефектот давателот на услуга должен е имотот да го доведе во првобитна состојба и да ја надомести штетата што настанала при отстранување на дефектот.

**Член 19**

При отстранување на дефектот доколку е потребно раскопување на улица, коловоз, јавна или зелена површина, давателот на услуга е должен претходно да обазбеди одобрение за раскопување од органот надлежен за издавање на одобрение за градење, освен во итни случаеви кога постои опасност од настанување на поголеми штети, давателот на услуга раскопувањето го врши без да обезбеди одобрение, но за превземените мерки писмено го известува надлежниот орган за издавање на одобрение за градење. По отстранување на дефектот давателот на услуга должен е просторот да го доведе во првобитна состојба.

**Член 20**

Заради заштита и спречување на оштетување на водоснабдителниот систем се забранува:
- изградба на стамбени и други објекти над водоводната мрежа.
- приклучување на водоводната мрежа без одобрение за приклучок.
- поврзување на водоводната мрежа на корисникот кој користи вода од индивидуални извори со водата од водоводниот приклучок.
- бесправно користење на вода пред водомер.

- приклучување на водоснабдителен систем на објекти кои немаат одобрение за градење
- самоволно демонтирање и монтажа на водомери и водоводни арматури без согласност од давателот на услуга.

**Член 21**

Корисникот на услугата должен е да овозможи пристап на овластен работник на давателот на услуга заради читање на водомерот и одржување на водоводниот приклучок. Ако водомерот е неисправен, закочен, стопен и сл. , корисникот на услугата е должен во рок од 3 дена да го пријави дефектот заради негово отстранување.

**Член 22**

Физичките и правни лица кои произведуваат или вршат промет на прехрамбени производи и пијалоци, а кои се лосирани на просторот опфатен со Урбанистичкиот план на општината, каде што има можност должни се да се приклучат и користат водата од водоснабдителниот систем со кој управува давателот на услуга.

**Член 23**

Водоснабдителниот систем изграден со средства од граѓани, домашни и странски донатори со договор се отстапува на давателот на услуга.

**Член 24**

Давателот на услугата има право да го прекине снабдувањето со вода за пиење во случај кога корисникот на услугата и по претходна опомена на ја исполнува обврската за плаќање на надоместокот за потрошена вода.

Давателот на услугата е должен да го прекине снабдувањето со вода за пиење без претходна писмена опомена во случај ако:

- продолжувањето со снабдување со вода за пиење претставува опасност за трети лица или за животната средина и природата и
- физичко или правно лице бесправно се поврзе на водоводен приклучок.

Давателот на услугата ќе го прекине снабдувањето со вода за пиење со претходно известување ако:

- настане поголемо оштетување на водоводниот систем заради отстранување на дефектот.
- е донесено решение од надлежен испекциски орган.
- корисникот на услуга на својот приклучок дозволи приклучок на друг корисник без одобрение и согласнот од давателот на услугата.
- корисникот на услугата не се придржува на мерките за штедење на водата во време на реструксија спрема планот донесен од Советот на општината.
- водоводната мрежа на корисникот која добива вода од индивидуални извори и техничка вода, е приклучена на уличната мрежа.
- Корисникот на услуга бесправно користи вода пред водомер.

Трошосите за прекинување и повторно приклучување од ставот 1 и 3 алинеја 3,4,5 и 6 паѓаат на товар на корисникот на услугата.

**Член 25**

Заради заштита на водата за пиење од изворите се воспоставуваат една или повеќе заштитни зони.

**Член 26**

Земјиштето во определените заштитни зони се експроприра и истото не може да се користи за други цели, ниту пак во тој простор може да се градат инвестициони објекти. Големината и границите на заштитните зони се определуваат со одлука на Советот на Општина Пласница.

**Член 27**

Квалитетот на водата за пиење мора да ги задоволи нормите утврдени со закон и подзаконски акти, а кои се однесуваат на санитарно-техничките, бактериолошките и хемиските услови за исправна вода за пиење.

За квалитетот и исправноста на водата за пиење е одговорен давателот на услугата

Член 28

Во случај на недостиг на вода за пиење заради елементарна непогода, давателот на услугата е должен да достави План за начинот на вршење на дејноста во вонредни околности и да даде упатство за штедење и приоритет во користењето на водата во согласност со Советот на Општина Пласница. Во случаите од став 1 на овој член, водата првенствено ќе се користи за пиење.

Член 29

Пред пуштање во употреба на јавен водовод или дел од мрежата, пред приклучување кон постојниот јавен водовод, како и поправка на дефекти на водоводната мрежа или други објекти на јавниот водовод се врши дезинфекција на објектот.

Член 30

Јавните чешми, фонтани се објекти во населените места, парковите, покрај патишта и други места кои служат за пиење вода. нивното одржување го врши давателот на услуга. Надоместокот за потрошената вода од јавните чешми паѓа на товар на општината.

2. **Одведување на урбани отпадни води и атмосферски води**

Член 31

Под одведување на урбани отпадни води се подразбира собирање на отпадните води од станбените, деловните, производните, административните и на нив слични простори во агломератот, од приклучокот на дворната мрежа, одведување со улична канализациона мрежа, пречистување во пречистителни станици и испуштање на отпадните води во реципиентот. Под одведување и испуштање на атмосферски води се подразбира прифаќање на атмосферски води и нивно спроведување во реципиентот

Член 32

Давател на услуга на дејноста од член 31 на оваа Одлука е ЈКП "Комуналец" Пласница. (во натамошниот текст Давател на услуга).

Член 33

Средствата за вршење на дејноста од член 31 од оваа Одлука се обезбедуваат од цената за користење на услугата и од надоместок за приклучување на канализациониот систем.

Цената за одведување на урбаните отпадни води и атмосферските води се изразува во ден./м3 и се одредува во зависност од трошосите за одведување на урбаните отпадни води и атмосверски те води и според методологија пропишана од Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен од областа на комунални работи. Давателот на услугата го утврдува надоместокот за приклучување на корисникот на услугата на канализациониот систем, во зависност од трошоците за приклучување.

Член 34

Давателот на услугата должен е на корисниците на услугата да им обезбеди трајно и непрекинато одведување на урбаните отпадни води и атмосверски те води. До нарушување на давањето на услугата може да дојде во случај на:

- оштетување на канализациониот систем поради виша сила, поголеми хаварии и дефекти.
- прекин во снабдувањето со електрична енергија.

Давателот на услуга должен е да ги информира корисниците на услугата за нарушувањето во давањето на услугата.

Член 35

Одржувањето на канализациониот систем го врши давателот на услуга од добивање на Решение за употреба. Одржувањето на канализационата мрежа на корисникот на услугата е на негова сметка. Корисниците на услугата должни се да го известат давателот на услуга за оштетување и дефект што ќе настане на канализационата мрежа на корисникот, трошосите за отстранување на дефектот паѓаат на товар на корисникот. Корисниците на услугата кои вршат

индустриска или трговска дејност не смеат да ги испуштаат индустриските отпадни води во канализасионот систем пред да извршат потребно прочистување на начин утврден со закон.

Член 36

Над и покрај улични ревизиони шахти и сливници во пречник од најмалку 3м не смее да се депонира било каков материјал кој ќе оневозможи нејзино користење и употреба.

Член 37

При отстранување на дефектот доколку е потребно раскопување на улица, коловоз, јавна или зелена површина, давателот на услуга е должен претходно да обазбеди одобрение за раскопување од органот надлежен за издавање на одобрение за градење, освен во итни случаеви кога постои опасност од настанување на поголеми штети, давателот на услуга раскопувањето го врши без да обезбеди одобрение, но за превземените мерки писмено го известува надлежниот орган за издавање на одобрение за градење. По отстранување на дефектот давателот на услуга должен е простпрот да го доведе во првобитна состојба.

Член 38

Заради заштита и спречување на оштетување на канализациониот систем се забранува:
- изградба на стамбени и други објекти над канализасионата мрежа.
- приклучување на канализационата мрежа без одобрение за приклучок.
- испуштање на сврсти материи: песок, земја, семент, вар, камења, дрва, пепел, трска, метал, стакло, пластични материи, катран, и сл.
- испуштање на урбани отпадни води, чија концентрација на сулфатниот јон е поголема од 400мг/л, како и урбани отпадни води од септички јами и отпад во канализациониот систем.
- испуштање на отпадни материи и води кои ги оштетуваат ѕидовите на канализациониот систем.
- испуштање на нафта и нафтени деривати, како и цврсти и течни запаливи и експлозивни материи во канализациониот систем.
- приклучување на канализационен систем на објекти кои немаат одобрение за градење.
- испуштање на отпадни води од домаќинствата и индустриски отпадни води во системот на атмосверската канализација, односно испуштање на атмосверски води во канализационен систем за отпадни води од домаќинства и индустриски отпадни води.
- испуштање на индустриски отпадни води во канализационен систем без претходно прочистување.

Член 39

Секој сопетвеник на изграден или делумно изграден објект должен е да ја спои својата куќна канализација со уличната канализација кога ќе биде изградена пред неговиот објект.

Член 40

Канализациониот систем изграден со средства од граѓани, домашни и странски донатори со договор се отстапува на давателот на услуга

Член 41

Давателот на услугата има право да го прекине одведувањето на урбаните отпадни води во случај кога корисникот на услугата и по претходна опомена на ја исполнува обврската за плаќање на надоместокот за потрошена вода.

Давателот на услугата е должен да го прекине одведувањето на урбаните отпадни води без претходна писмена опомена во случај ако:
- продолжувањето со одведувањето на урбаните отпадни води претставува опасност за трети лица или за животната средина и природата и
- физичко или правно лице бесправно се поврзе на канализационен приклучок.

Давателот на услугата ќе го прекине одведувањето на урбаните отпадни води со претходно известување ако:
- настане поголемо оштетување на канализациониот систем заради отстранување на дефектот.
- е донесено решение од надлежен испекциски орган.
- корисникот на услуга на својот приклучок дозволи приклучок на друг корисник без одобрение и согласност од давателот на услугата.

Трошоците за прекинување и повторно приклучување од ставот 1 и 3 алинеја 3, паѓаат на товар на корисникот на услугата.

Член 42

До изградба на канализациона мрежа отпадните води од домаќинствата ќе се спроведуваат во септички јами.
Септичките јами и постоечките одводни канали треба редовно да се чистат. Физичките лица кои испуштаат отпадана вода преку отворени канали до ресипиентот должни се да ги исчистат одводните канали до ресипиентот.

Член 43

До изградба на атмосферска канализациона мрежа, атмосферските води ќе истекуваат по постоечките одводни канали. Правните и физичките лиса се должни да го овозможат истекувањето на атмосферските води низ каналите кои поминуваат покрај нивните парцели.

Член 44

Се забранува;
- испуштатње на отпадни води по улиците и јавните површини.
- испуштање на клозетите во постојните реки во населбата.
- спречување на истекувањето на атмосферската вода.
- приклучување на канализасиона мрежа се до завршувањето на изградбата и ставање на мрежата во функција.

**3.Општински линиски превоз на патници**

Член 45

Под јавен линиски превоз на патниси во смисла на оваа одлука се подразбира линиски превоз на патници на линии во населените места во Општина Пласница, како линиски превоз на патници помеѓу населените места во Општина Пласница и градовите М.Брод и Кичево и попатните населени места од овие општини.

**4.Одржување на јавната чистота во населените места**

Член 46

Одржувањето на јавната чистота е дејност од јавен интерес.
Под одржување на јавна чистота во населените места се подразбира :
1. Одржување на јавни и сообраќајни површини:
. Одржување на чистотата на јавните површини, деловните згради, деловните простории и дворовите.
3.Изнесување и депонирање на ѓубрето од станбените, деловните згради, деловните простории и други површини.
4.Одржување на чистотата на сообраќајните средства.
5.Одржување во чиста и исправна состојба на јавните места.

Член 47

Како јавни површини во смисла на член 46 точка 1 од оваа Одлука се сметаат:
1. Улиците, тротоарите, паркинг просторите, автобуски стојалишта, отворените канали и реките што течат низ населените места, местата за јавни собири и полските патишта.
2. Автобуските станици и бензиските станици
3. Отворени простори на јавни објекти
4. Пазарите.
5. Парковите, тревниците и сл.
6. Спортските терени и објекти.
7. Неизградени празни површини, приоди меѓу зградите.

Член

Чистењето на јавните површини од член 47 точка 1, 4, 5 и 7 ќе го врши ЈКП" Комуналец "

Пласница. Одржувањето на јавната чистота на јавните површини од член 47 точка 2, 3, и 6 ќе го вршат сопственисите односно корисниците на кои им е доверено управувањето

Член 49

ЈКП" Комуналец " Пласница ќе го организира чистењето на јавните површини во време кога е најпогодно да не смета на минувачите.

Член 50

Правните и физичките лица должни се редовно да го чистат дворот, тротоарот како и дел на улицата пред, меѓу и околу зградите каде што живеат и работните просторни во кои обавуваат деловна или општествена дејност, а по чистењето да го сместат ѓубрето во сопствени канти за ѓубре. Во случај на спор за делот кој им припаѓа за чистење одлучува на лице место овластено лице со оваа Одлука.
ЈКП" Комуналец " Пласница го организира изнесувањето на ѓубрето до местата определени за времени депонии.

Член 51

Ако во една зграда има повеќе станари т.е. носители на станарско право и корисниси на работни простории, одржувањето и чистењето на дворовите, тротоарите и соодветниот дел на улицата пред и окулу зградата е заедничка обврска.

Член 52

За собирање на домашното ѓубре, од тротоарите и делот од улицата, правните и физичките лица се должни да поседуваат посебни канти за ѓубре или метални буриња. За деловни згради и простории каде се создава поголема количина на ѓубре и отпадоци, правните и физичките лица должни се да поседуваат соодветен број на канти за ѓубре.

Член 53

Во зима, правните и физичките лица се должни редовно да го чистат снегот и мразот од тротоарите и соодветниот дел од улисите , пред, меѓу и околу зградата и тоа во рок од 6 часа од наврнувањето на снегот, а за време на замрзнувањето да го посипат со погоден материјал.
Се забранува фрлање на снег од страна на правните и физичките лиса на јавните површини. При чистење на снегот и мразот истите не смеат да се исфрлаат на туѓо место и да не се нанесува штета на соседот.
Чстењето на снегот на локалните патишта ќе го организира ЕЛС Пласница согласно законските прописи.

Член 54

За собирање на домашното ѓубре, од тротоарите и делот од улицата, правните и физичките лица се должни да поседуваат посебни канти за ѓубре или метални буриња. За деловни згради и простории каде се создава поголема количина на ѓубре и отпадоци, правните и физичките лица должни се да поседуваат соодветен број на канти за ѓубре.

Член 55

Во зима, правните и физичките лиса се должни редовно да го чистат снегот и мразот од тротоарите и соодветниот дел од улисите , пред, меѓу и околу зградата и тоа во рок од 6 часа од наврнувањето на снегот, а за време на замрзнувањето да го посипат со погоден материјал.
Се забранува фрлање на снег од страна на правните и физичките лиса на јавните површини. При чистење на снегот и мразот истите не смеат да се исфрлаат на туѓо место и да не се нанесува штета на соседот.
Чстењето на снегот на локалните патишта ќе го организира ЕЛС Пласница согласно законските прописи.

Член 56

Чистењето на зелени и сточни пазари ќе го организира и врши ЈКП" Комуналец " Пласница. ЈКП" Комуналец " Пласница е овластено да постави соодветни канти за ѓубре и отпадоци на погодни места.

Член 57

Изведувачот на градежни објекти е должен:

1.Да обезбеди да не се растура градежниот и отпадниот материјал при превоз од објектот во изградба и обратно.
2.По изградбата на објектот теренот наполно да се очисти и уреди пред давање во употреба.
3.До колку со изведувањето на работите се создава прашина , да се врши поливање и обеспрашување на теренот.

**Член 58**

Се забранува фрлање на ѓубре и други градежни отпадоци во реките кои течат низ населеното место, полските патишта и јавните места.
Фрлањето на такви отпадоси исклучиво ќе се врши на одредените депони.

**Член 59**

Со цел да се одржува чистотата на јавните површини се забранува:
1.Фрлање и оставање на хартија, опушоци, амбалажа, земја, песок, шут, отпадоци,од градежни материјал и други отпадоци освен на местата определени за таа намена;
2. запалување, уништување и закопување на комуналниот цврст и технолошки отпад;
3.Испуштање на отпадни води по улиците и другите јавни површини.
4.Вршење на физиолошка потреба на за тоа неопределени места .
5.Оштетување и пренесување на кантите за ѓубре и други отпадоци.
6.Во кантите и корпите наменети за привремено собирање и чување на ѓубре и отпадоци се забранува фрлање на жар, вода, киселина, масла, арско ѓубре и друго.
7.Прибирање и чување на разни стоки, огревен и градежен материјал, по тротоарите, улисите и други јавни површини.
8.Копање на дупки за гасење на вар на тротоарите, улиците и други јавни неоградени површини.
9.Миење на возилата по улиците и јавните места и испуштање на масло на улиците.
10.Лепење и прикачување на плакати, огласи, реклами и други материјали надвор од огласните табли.
11.Кршење на млади гранки и стебла од јавните површини.
12.Мешање на бетон, малтер, тегнење на железо и депонирање на градежен материјал по улисите.
13. Палење на оган на јавни површини
14.Депонирање на огревно дрво по улиците и тротоарите
15. Изнесување на арско ѓубре на улиците во населбата и надвор од населбата на полските патишта
16. Испуштање на клозетите во реките низ населбите, и користење на клозети без септичка јама
17. Ископ на материјал од насипите на одводните канали и полските патишта
18. Поправање или сервисирање на возила (замена на масло или механички поправки) и вршење на други занаетчиски работи;
19. Поставување на скелиња за сушење на тутун и замјоделска механизасија на јавни површини, покрај улици и сл.
20. Поставување на сандаци со пчели во дворовите и во населените места, да се поставуваат надвор од населено место.

**Член 60**

Сите физички и правни лица се должни при превоз со сите видови на возила да обезбедат материјалот што се превезува(градежен отпадок, земја, песок, вар, слама, сено, струготини и сл.) да не се растура по јавните површини. До колку дојде до растурање на материјалот лицата се должни веднаш да го соберат растурениот материјал и површините да ги очистат.

**Член 61**

Физичките и правните лица се должни деловните згради и простории што ги користат редовно да ги одржуваат. Просториите редовно да ги одржуваат , чистат, подредуваат и да ги мијат излозите.

Во деловните простории се забранува ложење на печките со отпаден материјал ( пластика, гуми, ткаенини и сл. ), кој ја загадува околината.

**Член 62**

Во стамбените згради во кои со проектот е предвидено место за чување на кантите за ѓубре, истите мораат да се чуваат на тоа место.
За сите останати згради и останати деловни простории кантите за собирање на ѓубрето се чуваат на соодветни места во сопствениот двор, каде нема да му пречат на соседот. Се забранува чување на канти за ѓубре на улиса.

**5.Одржување на чистотата на сообраќајните средства**

**Член 63**

Сопствениците на јавните сообраќајни средства-возила за превоз на патници, должни се редовно да ги одржуваат чистат и дезинфисираат.
На станиците и постојките мора да има поставено корпи за отпадоци.

## 6.Одржување во исправна состојба на санитарните места

**Член 64**

Правните и физичките лица кои поседуваат и употребуваат клозети должни се истите да ги одржуваат во чиста и исправна состојба, варосуват и дезинфисираат.

**Член 65**

Клозетите мораат да бидат изградени според пропишаните санитарно хигиенски услови, односно да се изградени од тврд материјал и поврзан со канализација и водовод.

**Член 66**

Во населените места каде нема изградено канализација, клозетите мора да се постават во дворот зад стамбената зграда, односно деловната просторија. Клозетите мора да бидат изградени од тврд материјал , поставени на дводелна бетонска дупка и оддалечена од соседите најмалку 10 метри должни, а од водоснабдителниот објект најмалку 15 метри.

За дејствијата од член 65 и 66 треба да се добие одобрение од санитарниот и општинскиот комунален инспектор.

**Член 67**

Во населените места каде има канализација и водовод, клозетите треба да бидат поврзани на канализасија и во него да биде спроведен водоводот.
Во населените места каде има водовод, а нема канализација, отпадните води од клозетите треба да бидат спроведени во изградени септички јами кои треба да бидат изградени од тврд материјал и покриени.

**Член 68**

Септичките јами треба да ги исполнуваат основните санитарно хигиенски прописи и да бидат оддалечени од соседите најмалку 10 метри, а од водоснабдителниот објект најмалку 15 метри.

**Член 69**

Ѓубриштата мора да бидат оддалечени од станбените згради и соседите најмалку 10 метри, а од водоснабдителниот објект најмалку 15 метри.
Ѓубрето од ѓубриштето сопственикот е должен да го изнесува редовно надвор од населбата во место одредено од месната заедниса или на сопствено земјиште. Не смее да се чува ѓубриште покрај пат, улиса или водоснабдителен објект.

**Член 70**

Шталите во кои се чува крупна и ситна стока за сопствени потреби и објектите за чување на свињи за сопствени потреби во населените места, треба да бидат изградени од сврст материјал, одвоени од стамбените згради од соседите и од водоснабдителните објекти најмалку 10 метри, и редовно да се одржуваат и чистат. Отпадните води од објектите од став 1 на овој член, не смеат да се испуштаат на јавни површини и истите треба да се спроведат во септички јами. Сопствениците на стока се должни арското ѓубре да го изнесуваат на сопствено земјиште надвор од населеното место.

**Член 71**

Месните заедниси во селата се грижат за спроведувањето на одредбите на оваа Одлука што се однесуваат на нив и тоа преку:
- постојана грижа за чистење и одржување на отворените канали и јавните површини.
-инисијатиси за одредување на претоварни станиси за отпад.
-донесување на одлуки кои ќе бидат составен дел на оваа Одлука, а ќе регулираат прашања од оваа област кои во неа не се опфатени, со претходен договор со општинскиот комунален инспектор.

## 7. Одржување и користење на паркови, зеленило, водни и рекреативни површини.

Член 72
Под одржување на зеленило, паркови, водни и рекреативни површини се подразбира подигање, одржување и користење на зелени површини, садење на ниска и висока вегетасија и сл.

Член 73
Парковите и зеленилото и рекреативните површини ќе ги одржува ЈКП " Комуналец " Пласница, како давател на услугата, или друго правно или физичко лисе регистрирано за таква дејност, доколку Советот на општината донесе таква Одлука.

Член 74
Парковите и зеленилото во дворовите на претпријатијата, јавните установи и служби се должни да ги одржуваат самите претпријатија, установи и служби.

Член 75
Доколку во објектите од член 72 на оваа Одлука или окулу нив треба да се извршат одредени градежни работи инвеститорот е должен пред започнувањето на работите да го извести надлежниот орган на управата на Општина Пласница за работите од обласа на урбанизмот и по завршувањето на работите задолжително да ги доведе во првобитната состојба.

Член 76
Се забранува сечење, берење и косење на трева, цвеќиња, жбунови, гранки и дрвја во парковите, зеленилото како и шетање и напасување на добиток и живина, фрлање на отпадоци, течности (освен вода), возење и паркирање на моторни возила на овие површини.

Член 77
На објектите од член 72 на оваа Одлука може да се одржуваат спортски вежби, приредби, изложби и сл, со одобрение на надлежниот орган на управа на Општина Пласница од обласа на урбанизмот.
Организаторот на активностите од предходниот став е должен објектот да го врати во првобитната состојба или да ја надомести причинетата штета.

Член 78
Се забранува уништување и оштетување на опремата и објектите од член 72 од оваа Одлука.

**8. Одржување на улична и сообраќајна сигнализација и други инфраструктурни објекти.**

Член 79
Под одржувње на улична сообраќајна сигнализасија и други инфраструктурни објекти се подразбира одржување на вертикалната и хоризонталната сообраќајна сигнализасија и одржување на другите објекти од комуналната инфраструктура во населените места во Општина Пласница, како што се крпење на ударни дупки, чистење на решетките за прифаќање на атмосферските води, зимско одржување и сл.

Член 80
Одржувањето на уличната сообраќајна сигнализасија и другите инфраструктурни објекти ја врши јавно претпријатие или физичко или правно лице со дозвола за вршење на дејноста.

Член 81
На уличната сообраќајна сигнализасија на објектите на комуналната инфраструктура забрането е:
. оштетување на сообраќајните знаци
оштетување на столбовите на сообраќајните знаци
. оштетување на уличните решетки на атмосферската канализасија, шахтите и капаците на шахтите на водоводната, канализасионата и поштенската мрежа; и

. влечење на арматура врзана за шахта, решетка, сообраќаен знак и слично.
- лепење на плакати по сообраќањите знаси.

**9. Одржување на гробови, гробишта и давање на погребални услуги.**

**Член 82**

Под одржување на гробови, гробишта и давање на погребални услуги во смисла на оваа Одлука се подразбира одржување на гробовите, гробиштата, просторот, зградите и давање на погребални услуги и тоа: преземање, чување, опремување и превоз на умрените до местото на закоп и закоп.

**Член 83**

Одржувањето на гобовите и гробиштата и давањето на погребални услуги го врши јавно претпријатие или физичко и правно лисе со дозвола (давател на услуги)

**Член 84**

Закоп на умрените се врши само на гробишта.

**Член 85**

Ако нема мртовечница умрениот се чува во домот во кој пред настапувањето на смртта живеел.

**Член 86**

Умрените од заразни болести се сместуваат во посебна просторија.
Забрането е да се изложуваат останките на умрениот од заразна болест.

**Член 87**

Гробиштата се определуваат на места предвидени со генерален или урбанистички план. Гробиштата се определуваат за секое населено место. Гробиштата не можат да се определат на санитарно- заштитни подрачја на кои се наоѓа или се предидени јавни објекти за снабдување со вода за пиење.

**Член 88**

Давателот на услугата се грижи за гробовите и гробиштата согласно техничката документасија и санитарните прописи. Со техничката документасија се уредува просторот, распоредот на гробовите и нивните димензии.

**Член 89**

Давателот на услугата особено се грижи за санитарно-техничките објекти на гробиштата, проодност и бетонирање на патеките низ гробиштата, одржување на чистотата и зеленилото на гробиштата. Давателот на услугата е должен просторот во гробиштата да го одржува чист и да го изнесува отпадот најмалку еднаш во неделата.

**Член 90**

За обликување на надгробните споменици, плочи и знаси одлучуваат семејствата на погребаните лиса во согласност со документасијата за уредување на гробовите.

**Член 91**

Поставувањето на гробовите и патеките во гробиштата се врши според документасијата која ја изготвува давателот на услугата. Давањето на гробните места го врши давателот на услугата.

**Член 92**

Трошосите на земјиштето за гробот, ископот на гробот и преносот на починатиот паѓаат на товар на семејството односно блиските роднини на починатиот.

**Член 93**

На гробиштата може да се собираат граѓани само во врска со погреб на умрениот и вршење на други верски обреди и обичаи.

Член 94

Корисниците на услугите се должни отпадот од чистењето на гробовите да го собираат и да го изнесуваат во кантите за ѓубре поставени од давателот на услугата. Се забранува отпадот да се фрла на јавни површини.

Член 95

На гробиштата се забранува:

. оштетување на гробовите, надгробните споменици со газење,кршење, пишување, истурање на отпадни води и други штетни материи;

. влегување со секаков вид на возило, освен возилото кое врши

пренос на умрениот;

. фрлање на отпад на слободните површини меѓу гробовите.
. влегување со кучиња;
. напасување на добиток и живина;
. вршење на трговски и други дејности.

**9. Одржување на јавното осветлување.**

Член 96

Под одржување на јавното осветлување се подразбира одржување на уличното осветлување во населените места во општина Пласница.

Член 97

Одржувањето на јавното осветлување го врши јавно претпријатие или физичко или правно лисе со дозвола за вршење на дејноста. Со физичкото или правното лице од став 1 на овој член се склучува договор за одржување на јавното осветлување во населените места во Општина Пласница, по претходно спроведен тендер.

Член 98

Давателот на услугата е должен јавното осветлување да го одржува во функционална состојба согласно Одлуката и Програмата за јавно осветлување донесена од Советот на Општина Пласница.

Член 99

Се забранува:

оштетување на столбовите на кои се поставени улични светилки;
оштетување и уништување на уличните светилки; и
поставување на било какви предмети на столбовите и светилките без одобрение на давателот на услугата.

**10. Одржување и користење на јавниот простор за паркирање.**

Член 100

Под одржување и користење на јавниот простор за паркирање се подразбира одржување на просторот и објектите кои служат за паркиралишта, давање на соодветни услуги, како и утврдување на начинот на користење.

Член 101

Јавниот простор за паркирање го одредува надлежниот орган на управата на Општина Пласница во согласност со надлежните државни органи за работите од обласга на сообраќајот и урбанизмот.

Член 102

Општината може јавниот простор за паркирање да го даде на одржување и користење на јавно претпријатие или на физичко или на правно лице кое врши дејност со дозвола.

**Член 103**

На јавниот простор за паркирање се обележуваат перони за паркирање на возилата и простор за непречено влегување и излегување на возилата.
На просторот од став 1 на овој член се поставува знак за паркинг простор и рампа.

**Член 104**

За користење на јавниот простор за паркирање се наплатува надометок кој го утврдува давателот на услугата по претходна согласност на Советот на Општина Пласница.

**Член 105**

За користење на јавните површини при откуп на земјоделски производи се плаќа надоместок кој ќе го утврди Советот на Општина Пласница.
За користење на јавните површини околу пазарот во пазарни денови за продажба на стока се плаќа надоместок кој ќе го утврди Советот на Општина Пласница по предлог на ЈКП" Комуналец " Пласница.

**Член 106**

Корисниците на јавниот простор за паркирање не смеат да ги оштетуваат објектите на прсторот за паркирање.

**Член 107**

До формирање на јавно претпријатие или до давање на дозвола за користење на правно или физичко лице, одржувањето и користењето на јавниот простор за паркирање ќе го врши ЈКП" Пласница " Пласница.

**Член 108**

На јавниот простор за паркирање е забрането;
- да се паркираат оштетени и неиспаравни возила;
 да се паркираат возила за кои не е наменет јавниот простор за паркирање;
 да се остават приколки за кампување и носење на товар;
 да се остави земјоделска, приклучна и друга механизација.

**11. Давање на оџачарски услуги**

**Член 109**

Под вршење на оџачарски услуги се подразбира чистење и контрола на објектите за спроведување на чад и опремата за ложење.

**Член 110**

Оџачарските услуги ги вршат физички или правни лиса со дозвола за вршење на дејноста(дavател на услуга).

**Член 111**

Оџачарските услуги се вршат по барање на сопственикот односно корисникот на објектот.
Трошоците за оџачарските услуги паѓаат на товар на сопственикот односно корисникот на објектот.

**Член 112**

Сопственикот односно корисникот на објектот е должен да побара оџачарска услуга кога неговиот објект и опремата за ложење не може да го доведе во исправна состојба сам и тие можат да предизвикаат штета.

**12. Одржување на комунални уреди**

**Член 113**

Под одржување на комунални уреди се подразбира одржување во функционална состојба на чешми, фонтани, часовници, мерни инструменти и други комунални уреди и опрема.

Член 114

Одржувањето на комуналните уреди го врши јавно претпријатие или физичко или правно лице со дозвола за вршење на дејноста.

Член 115

Поставувањето на комуналните уреди се врши според проектите за партерно уредување на просторот и објектите каде што се поставуваат комуналните уреди.

Член 116

На проектите за партерно уредување на просторот и објектите каде што се поставуваат комуналните уреди согласност дава Одделението за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина.

Член 117

Се забранува:

кршење на уредите и опремата;
пишување на натписи, шарање или сртање на истите;
фрлање или оставање на комунален сврст отпад на истите;
загадување на водата во фонтаните;
поливање со било какви течности на комуналните уреди

**13. Отстранување и чување на непрописно паркирани возила**

Член 118

Под отстранување на непрописно паркирани возила се подразбира отстранување на паркирани возила во исправна и неисправна состојба , оштетени возила и делови од оштетени возила на коловози на јавни патишта, градски улици, плоштади, паркиралишта, тротоари, велосипедски патеки и сл.

Член 119

Отстранувањето на непрописно паркираните возила го врши јавно претпријатие или физичко или правно лисе со дозвола за вршење на дејноста(давател на услуга).

Член 120

Отстранувањето на непрописно паркираните возила кои се во исправна состојба се врши по налог на овластен работник на Министерството за внатрешни работи. Отстранувањето на оштетените и неисправни возила се врши со решение донесено од општинскиот комунален инспектор.

На донесувањето на заклучокот мора да му предходи правосилно решение со кое му се наложува на сопственикот во рок од 15 дена доброволно да го отстрани возилото.

Член 121

Пред отстранувањето на возилото општинскиот комунален инспектор составува записник во кој се внесуваат податоси за: типот на возилото, марка, боја и регистарски број, состојба на возилото и кус опис на оштетувањето. Оштетените и неисправни возила чии сопственици не се познати се отстрануваат со налог на општинскиот комунален инспектор.

Член 122

Отстранетите возила се чуваат на посебен простор. Давателот на услугата возилото го чува на посебен простор на кој постои организирана чуварска служба. Чувањето на возилото трае 30 дена.

Член 123

Доколку сопственикот не се јави во рок од 30 дена, давателот на услугата го отуѓува возилото на начин пропишан со закон.

**Член 124**

Трошосите за отстранување и чување на возилото паѓаат на товар на сопственикот на возилото, а висината ја одредува давателот на услугата.

**14. Ерадикација на животни скитници**

**Член 125**

Под ерадикасија на животни скитниси во смисла на оваа Одлука се подразбира уништување на животни скитници кои што не се регистрирани, или немаат сопственик.

**Член 126**

Ерадикација на животни скитници и собирањето и отстранувањето на животните скитници ги врши јавно претпријатие или физичко или правно лисе со дозвола (давател на услуга).

**Член 127**

Животните скитници се еутанизираат или пак се уништуваат на друг начин.

**Член 128**

При ерадикација на животните, давателот на услугата соработува со ветеринарната служба на подрачјето.

**Член 129**

Животинските мрши и отпадоси од животинско потекло нештетно се отстрануваат во кафилерија или спалување во крематориуми, фрлање во јами, гробниси или со закопување на гробишта за животни или на друго соодветно место што ќе го определи ветеринарен инспектор. Се забранива фрлање на животински мрши и отпадоци од животинско потекло на отворени површини.

**15. Украсување на населени места**

**Член 130**

Под украсување на населени места во смисла на оваа Одлука се подразбира украсување на населените места со разни украси, светилки и сл., по повод државни/верски празници, Рамазан Бајрам, Курбан Бајрам, Нова година и сл.

**Член 131**

Украсувањето на населените места го врши јавно претпријатие или правно или физичко лисе со дозвола. Забрането е да се оштетуваат украсите во населените места.

**16. Одржување на јавни санитарни јазли**

**Член 132**

Јавните санитерни јазли ги одржува јавно претпријатие или физичко или правно лисе со дозвола(давател на услуга).

**Член 133**

Јавните санитарни јазли мора да бидат опремени со соодветна санитарна опрема, да бидат чисти и исправни за употреба.

**Член 134**

За користење на јавните санитарни јазли може да се наплаќа надоместок кој го одредува давателот на услугата.

**Член 135**

Забрането е оштетување на санитарната опрема.

**17. Аерозапрашување**

**Член 136**

Под аерозапрашување во смисла на оваа Одлука се подразбира уништување на инсекти, естопаразити и други штетниси.

**Член 137**

Аерозапрашувањето ги врши правно или физичко лисе со дозвола(давател на услуга).

**Член 138**

Аерозапрашувањето се врши по потреба.

**Член 139**

Давателот на услугата е должен правивремено да ги информира граѓаните за аерозапрашувањето преку средствата за јавно информирање и тоа за времето и сретствата со кои ќе се врши аерозапрашувањето.

**18. Дератизација и дезинфекција**

**Член 140**

Под дератизација во смисла на оваа Одлука се подразбира уништување на стаорци и глувци, а под дезинфекција се подразбира уништување на микроорганизми во воздух и во објекти.

**Член 141**

Дератизација и дезинфекција врши физичко или правно лице со дозвола(давател на услуга).

**Член 142**

Дератизација и дезинфекција се вршат на јавни површини, комунални, станбени и деловни објекти.

**Член 143**

Вршењето на дератизацијата и дезинфекцијата на станбен и деловен простор паѓа на товар на сопствениците односно корисниците на објектите.

**Мерки за спроведување на комуналниот ред**

**Член 144**

Мерките за спроведување на комуналниот ред за вршење на дејностите од член 3 на оваа Одлука се уредуваат со годишни програми за секоја дејност поодделно во рамките на условите утврдени со оваа Одлука. Годишните програми од став 1 од овој член ги донесува Советот на Општина Пласница.

**Член 145**

Средствата за финансирање на комуналните дејности од член 3 на оваа Одлука се утврдуваат со годишните програми од член 144 на оваа Одлука.

**Член 146**

Индивидуалната комунална потрошувачка се финансира од цената на комуналните услуги согласно со закон.

Заедничката комунална потрошувачка се финансира од:

надоместок за употреба на градежното земјиште- рента во висина од 50% од вкупните прибрани средства по оваа основа;

цената на комуналната услуга;

буџетот на Општина Пласница;

други наменски средства утврдени со закон

**Член 147**

Надзор над примената на оваа Одлука врши Одделението за урбанизам, комунални дејости и заштита на животна средина на општина Пласница.

**Член 148**

Инспекциски надзор во спроведувањето на оваа Одлука врши општинскиот Комунален инспектор.

**Член 149**

За извршениот испекциски надзор комуналннот испектор составува Записник, кој го доставува до физичкото или правно лице каде што е извршен испексискиот надзор. Комуналниот испектор донесува Решение. Ако испекторот утврди дека е направен прекршок или кривично дело должен е да покрене постапка пред надлежниот основен Суд. Жалбата против Решението на Комуналниот испектор може да се поднесе до Советот на општина Пласница. Жалбата не го одлага извршувањето на решението. Трошоците направени за извршување на Решението паѓаат на товар на лисето за кое се однесува Решението.

**Член 150**

Советот на Општина Пласница формира комисија за постапување по жалбите поднесени против решенијата на општинскиот Комунален редар.

**Член 151**

Општинскиот комунален инспектор има легитимација, која ја издава Градоначалникот на Општина Пласница во рок од три месеси од денот на стапувањето во сила на оваа Одлука.

**Казнени одредби**

**Член 152**

Правните лица и одговорните лица во правните лица и физичките лица ќе се казнат за прекршок доколку не се придржуваат на Одлуката за комунален ред согласно казнените одредби на Законот за комунални дејности, Законот за снабдување со вода за пиење и одведеување на отпадните води, Законот за одржување на јавната чистота, Законот за управување со отпадот како и други важечки прописи.

**Член 153**

Надоместокот од изречените казни е приход на општината.

**Член 154**

Со донесување на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на општина Пласницабр.07-436/8 од 15.07.2013 година.

**Завршни одредби**

**Член 155**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Пласница".

**Број 08-138/9**
**14.03.2023 година**
**Пласница**

**Совет на општина Пласница**
**Претседател**
**Амел Рамески**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Програма за дополна на Програмата**

**за изградба, реконструкција, санација, одржување и заштита на канализациони системи (водоводна, атмосферска и фекална канализациона мрежа) и системи за снабдување со вода за пиење на територијата на општина Пласница по населени места за 2023 година**

1. Се прогласува, Програма за дополна на Програмата за изградба, реконструкција, санација, одржување и заштита на канализациони системи (водоводна, атмосферска и фекална канализациона мрежа) и системи за снабдување со вода за пиење на територијата на општина Пласница по населени места за 2023 година, бр.08-138/10, донесена од Советот на општина Пласница на ден 14.03.2023 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-156/8**
**14.03.2023 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 а во согласно со член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) член 17 став 1 точка 3 од Статутот на општина Пласница (Сл.гласник на ОП бр.02/06 и 03/2019 година), член 142 став 2 од Деловникот за работа на советот на општина Пласница (Сл.Гласник на ОП бр.02/06 и 03/2019), како и согласно член 6 од Програмата за изградба, реконструкција, санација, одржување и заштита на канализациони системи (водоводна, атмосферска и фекална канализациона мрежа) и системи за снабдување со вода за пиење на територијата на општина Пласница по населени места за 2023 година со бр.08-583/8 од 29.11.2022 година (Службен гласнок на О.Пласница бр.10/2022 година), Советот на општина Пласница на 16-тата седницата одржана на ден 14.03.2023 година, донесе:

**Програма за дополна на Програмата**
**за изградба, реконструкција, санација, одржување и заштита на канализациони системи (водоводна, атмосферска и фекална канализациона мрежа) и системи за снабдување со вода за пиење на територијата на општина Пласница по населени места за 2023 година**

Во Програмата за изградба, реконструкција, санација, одржување и заштита на канализациони системи (водоводна, атмосферска и фекална канализациона мрежа) и системи за снабдување со вода за пиење на територијата на општина Пласница по населени места за 2023 година, со бр.08-583/8 од 29.11.2022 година, се врши следната дополна:

1. Во член 4 по точката 8 се додаваат две нови точки 9 и 10 и истите гласат:

- ОСНОВЕН ПРОЕКТ за поставување на фотонапонски панели за производство на електрична енергија со капацитет до 40 кв на мала пречистителна станица од УП за село Пласница со разработка на блок 11, општина Пласница, со тех.бр.170/22;
- Основен проект за доградба на фекална канализација во н.м Преглово-општина Пласница – Март 2023 година;

2. Останатите членови од горенаведената програма остануваат непроменети.

3. Оваа Дополна на програма влегува во сила со денот на објавувањето во („Службен гласник на Општина Пласница").

**Број 08-138/10**
**14.03.2023 година**
**Пласница**

**Совет на општина Пласница**
**Претседател**
**Амел Рамески**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за утврдување на приоритет на проект**

1. Се прогласува, Одлука за утврдување на приоритет на проект, бр.08-138/11, донесена од Советот на општина Пласница на ден 14.03.2023 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-156/9**
**14.03.2023 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) член 17 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Пласница (Сл.Гласник на Општина Пласница бр.02/2006 и 03/2019 година) Советот на Општина Пласница на 16-тата седницата одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следнава:

## О Д Л У К А

**за утврдување на приоритет на проект**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на општина Пласница ГО ОДОБРУВА како приоритетен за реализација следниот проект:

- ОСНОВЕН ПРОЕКТ за поставување на фотонапонски панели за производство на електрична енергија со капацитет до 40 кв на мала пречистителна станица од УП за село Пласница со разработка на блок 11, општина Пласница, со тех.бр.170/22.

Локација: КП 3648, КО Пласница – општина Пласница, УП за село Пласница со разработка на Блок 11.

**Член 2**

Овој проект е ќе биде составен дел од Програма за изградба, реконструкција, санација, одржување и заштита на канализациони системи (водоводна, атмосверска канализациона мрежа) и системи за снабдување со вода за пиење на територијата на општина пласница по населени места за 2023 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Пласница.

**Број 08-138/11**
**14.03.2023 година**
**Пласница**

**Совет на општина Пласница**
**Претседател**
**Амел Рамески**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за утврување на приоритет на проект**

1. Се прогласува, Одлука за утврување на приоритет на проект, бр.08-138/12, донесена од Советот на општина Пласница на ден 14.03.2023 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-156/10**
**14.03.2023 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) член 17 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Пласница (Сл.Гласник на Општина Пласница бр.02/2006 и 03/2019 година) Советот на

Општина Пласница на 16-тата седницата одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на приоритет на проект**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на општина Пласница ГО ОДОБРУВА како приоритетен за реализација следниот проект:

- Основен проект за доградба на фекална канализација во н.м Преглово-општина Пласница – Книга 1 и 2 - Март 2023 година.

**Член 2**

Овој проект ќе биде составен дел од Програма за изградба, реконструкција, санација, одржување и заштита на канализациони системи (водоводна, атмосверска канализациона мрежа) и системи за снабдување со вода за пиење на територијата на општина пласница по населени места за 2023 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Пласница.

**Број 08-138/12**
**14.03.2023 година**
**Пласница**

**Совет на општина Пласница**
**Претседател**
**Амел Рамески**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука за утврдување на приоритет на проект**

1. Се прогласува, Одлука за утврдување на приоритет на проект, бр.08-138/13, донесена од Советот на општина Пласница на ден 14.03.2023 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-156/11**
**14.03.2023 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) член 17 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Пласница (Сл.Гласник на Општина Пласница бр.02/2006 и 03/2019 година) Советот на Општина Пласница на 16-тата седницата одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**
**за утврдување на приоритет на проект**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на општина Пласница ГО ОДОБРУВА како приоритетен за реализација следниот проект:

- Основен проект за фекална канализација во н.м Пласница – општина Пласница – Издвоен крак 12 од Фаза 1 со тех.бр 127/18.

**Член 2**

Овој проект е составен дел од Програма за изградба, реконструкција, санација, одржување и заштита на канализациони системи (водоводна, атмосверска канализациона мрежа) и системи за снабдување со вода за пиење на територијата на општина пласница по населени места за 2023 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Пласница.

**Број 08-138/13**
**14.03.2023 година**
**Пласница**

**Совет на општина Пласница**
**Претседател**
**Амел Рамески**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука за давање на времено користење на движни ствари на ЈП „Комуналец" с.Пласница – општина Пласница**

1. Се прогласува, Одлука за давање на времено користење на движни ствари на ЈП „Комуналец" с.Пласница – општина Пласница, бр.08-138/14, донесена од Советот на општина Пласница на ден 14.03.2023 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница

Број 09-156/12
14.03.2023 година
Пласница

Општина Пласница
Градоначалник
Алија Јаоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр 05/2002), член 17 од Статутот на општина Пласница („Службен гласник на општина Пласница" бр.02/2006 и 03/2019 година) и член 147 од Деловникот за работа на советот на Општина Пласница („Службен гласник на општина Пласница" бр.02/2006 и 03/2019 година, Советот на Општина Пласница, на 16-тата седница одржана на ден 14.03.2023 година донесе:

## ОДЛУКА
## за давање на времено користење на движни ствари на ЈП „Комуналец" с.Пласница – општина Пласница

### Член 1

Со оваа Одлука им се даваат на времено користење на ЈП „Комуналец" с.Пласница – општина Пласница, сопственост на општина Пласница и тоа:

| Ред. бр | Опис на движна ствар | Количина | Број на мотор | Број на шасија | Година на производство |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Багер MST M642 Plus | 1 | NM75558U35579 1H | M642SA2101992 | 2022 |
| 2. | Нож за снег | 1 | / | | |
| 3. | Перформирана корпа за чистење на канали | 1 | | | |
| 4. | Корпа за копање на канали | 1 | | | |
| 5. | Ланци за снег | 1 | | | |
| 6 | Метла за чистење на улици | 1 | | | |

### Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат на времено користење на ЈП „Комуналец" с.Пласница – општина Пласница, без надоместок за период од 10 (десет) години.

### Член 3

Градоначалникот на општина Пласница, склучува Договор со ЈП „Комуналец" с.Пласница – општина Пласница, со кој ќе се уредат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа Одлука, кои се даваат на времено користење.

Член 4

Со донесување на Оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање на трајно коритење на движни ствари на ЈП „Комуналец" с.Пласница – општина Пласница бр.08-615/8 од 23.12.2022 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Пласница,,.

**Број 08-138/14**
**14.03.2023 година**
**Пласница**

**Совет на општина Пласница**
**Претседател**
**Амел Рамески**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука за усвојување на Завршна сметка на ООУ „Јунус Емре" с.Лисичани – општина Пласница за 2022 година**

1. Се прогласува, Одлука за усвојување на Завршна сметка на ООУ „Јунус Емре" с.Лисичани – општина Пласница за 2022 година, бр.08-138/15, донесена од Советот на општина Пласница на ден 14.03.2023 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-156/13**
**14.03.2023 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 62 став 1, а во согласност со член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/2002 год.), и согласно член 17 од Статутот на општина Пласница (,Службен гласник на општина Пласница бр.02/2006 и 03/2019 година), Советот на општина Пласница на 16-тата седница одржана на ден 14.03.2023 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

за усвојување на Завршна сметка на ООУ „Јунус Емре" с.Лисичани – општина Пласница за 2022 година

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Завршната сметка на ООУ „Јунус Емре" с.Лисичани – општина Пласница за 2022 година, со арх.бр 03-40/1 од 27.02.2023 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзинот донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на општина Пласница".

Број 08-138/15
14.03.2023 година
Пласница

Совет на општина Пласница
Претседател
Амел Рамески